Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), член 1 од Одлуката за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Штип" број 04/22), член 8 став 2 и 3 и член 13 став 5 од Правилникот за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари („Службен гласник на Општина Штип" број 05/22), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2023 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ И ЕДНОКРАТНИ ПАРИЧНИ НАГРАДИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Член 1

Општина Штип доделува петнаесет (15) стипендии и три (3) еднократни парични награди на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари во учебната 2022/2023 година

Член 2

Стипендиите и еднократните парични награди се доделуваат согласно утврдената Ранг-листа од Комисијата за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари, врз основа на спроведениот Јавен повик за пријавување на ученици за доделување награди и стипендии за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари со архивски број 09-6782/1 од 30.10.2023 година.

Член 3

Стипендиите се доделуваат за период од 12 месеци, за учебната 2023/2024 година

Стипендија во износ од 3.000,00 денари месечно, се доделува на :

1. Дамјан Давков
2. Даниел Христов
3. Марио Ванчоски

Стипендија во износ од 2.500,00 денари месечно, се доделува на:

1. Мартин Стојанов
2. Дора Милева
3. Лаура Јорданова

Стипендија во износ од 2.000,00 денари месечно, се доделува на:

1. Каја Аревска
2. Стефан Димитров
3. Сара Поп-Димитров
4. Макрина Јорданова

5. Марко Ајтовски
6. Драган Иванов
7. Бојана Јорданова
8. Ангел Симјановски
9. Лука Георгија Андонов

Член 4

Еднократни парични награди во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на :

1. Дамјан Давков
2. Даниел Христов
3. Марио Ванчоски

Член 5

Финансиските средства за стипендиите и еднократните парични награди се обезбедени од Буџетот на Општина Штип за 2023 и 2024 година, и ќе се исплатат од овие буџети.

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е Ранг-листата од Комисијата за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународнми натпревари, со архивски број 09-6782/48 од 19.12.2023 година.

Општина Штип е должна да ја објави Ранг – листата на веб-страната на општината.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08 – 7936//1
20 декември 2023 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова